**20180290492**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 47, став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16 и 74/17), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 13.2.2018 година, донесе

**УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2018 ГОДИНА**

Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.21/18) во членот 2 став (2) во табелата во подмерката 1.14 во алинеја 2 точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „IV класа, I класа и II класа од ориенталските дополнителни тутуни од типовите Прилеп, Јака, Џебел и Басмак.“.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-1892/1
13 февруари 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.